ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:**10-135/11

**Дата:**13.08.2015

**ДО**
**АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Апелационен суд Битола (во понатамошниот текст Апелационен суд) на сметката за основниот буџет (603) за 2014 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2014 година, изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки од извршената ревизија на финансиските извештаи и законското и наменско трошење на средствата на Апелациониот суд за 2004 година, констатиравме дека дел од дадените препораки се спроведени.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2014 година, заедно со ревизија на усогласеност, го констатиравме следното:

- во процесот на плаќања на стоки и услуги не се воспоставени соодветни внатрешни контроли,
- утврдивме слабости во вршењето на пописот на средствата и изворите на средствата односно истиот не е во целост извршен согласно законската регулатива,
- не е воспоставена навремена и ажурна сметководствена евиденција на набавениот ситен инвентар и залихата на материјали,
- недоследна примена на законската регулатива и подзаконските акти во делот

на изработка на планот за спроведувањето на постапките за јавни набавки.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет ја обелоденивме утврдената состојба во врска со пролонгирањето на рокот за донесување на подзаконските акти согласно новиот Закон за судска служба и состојбата со одобрениот буџет на Судската власт за 2014 година.

Во поглавјето Останати прашања известивме за потребата од донесување на законска регулатива за утврдување на платите на вработените во Судот кои вршат технички и помошни работи како и за потребата од усогласување на роковите за доставување на Буџетскиот циркулар во Законот за Судскиот буџет и Законот за Буџетите.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање мерки за надминување на истите. Препораките произлезени од оваа ревизија се насочени кон подобрување на системот на интерни контроли, целосно спроведување на пописот на средствата и обврските, воспоставување на евиденција на ситниот инвентар, навремена сметководствена евиденција на залихите и донесување на подзаконските акти во делот на спроведувањето на постапките за јавни набавки.

Од страна на одговорното лице на Судот добиени се забелешки на точките 4.1.1, 4.2.2 и 4.3.1, на Нацрт извештајот кои според содржината претставуваат потврдување на констатираните состојби, известување за превземените како и планирани активности во наредниот период за надминување на истите.

## 1. Вовед

**1.1.** Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 15 до 17 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (603) на Апелационен суд Битола, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2014 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

**1.2.** Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

**1.3.** Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2004 година на Апелационен суд Битола година и изразено е мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и со резерва за законското и наменското трошење на средствата.

**1.4.** Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на Апелационен суд Битола застапувано од:

- Даница Ристева, Претседател на Апелационен суд Битола од 11.05.2010 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**1.5.** Одговорност на ревизорите

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.
При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско

известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 02.03.2015 до 24.04.2015 година од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата за 2004 година - спроведување на препораките**

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2004 година. Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека дел од дадените препораки се спроведени, освен во делот на вршењето на пописот на средствата и изворите на средствата, навремена сметководствената евиденција на залихите на материјали и начинот на спроведувањето на јавните набавки (Прилог бр.1).

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Апелационен суд Битола, одржан на ден 12.05.2015 година.

На ден 10.07.2015 година со писмо број 10-135/10 од 10.07.2015 година, Претседателот на Апелационен суд Битола достави забелешки/одговор по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на сметката на основен буџет (603), заедно со ревизија на усогласеност кај Апелационен суд Битола до Државниот завод за ревизија.
Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките по точките 4.1.1, 4.2.2 и 4.3.1 на Нацрт извештајот кои според содржината претставуваат потврдување на констатираните состојби, известување за превземените како и планирани активности во наредниот период за надминување на истите.

**Констатирани се следните состојби:**

**4.1. Внатрешни контроли**

4.1.1. При оценка на системот на внатрешни контроли во процесот на плаќање, со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, како и поради нивното влијание на реалното и објективно презентирање на финансиските извештаи и усогласување на работењето со законите и другите прописи, ревизијата го констатира следното:

- Донесено е Упатство за работа со фактури, но со истото не се целосно пропишани и не се воспоставени внатрешни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица;
- Согласно наведеното упатство, судскиот администратор треба да врши контрола на влезните фактури. Со извршената ревизија констатиравме дека истите не се потврдени со потпис од извршената проверка;
- По склучените договори за набавки на стоки и услуги, не се врши нивно вредносно и количинско следење што создава ризик од нивна не доследна примена и реализација.

Горенаведеното укажува дека во Апелациониот суд не е воспоставен целосен систем на внатрешни контроли кој ќе ги намали ризиците во процесот на плаќање, ќе обезбеди ефикасен систем на контрола и ќе го зајакне управувањето со јавните средства.

**Препорака:**

Одговорното лице на Апелациониот суд Битола да воспостави целосен систем на внатрешни контроли во процесот на плаќање, со донесување на пишани процедури на сите нивоа во работењето.

**4.2. Финансиски извештаи**

4.2.1. Во зградата на Апелационен суд се сместени Основното и Вишото јавно обвинителство на Битола. Со извршената ревизија констатиравме дека не е склучен договор со одговорните лица на погоре наведените обвинителствата за регулирање на меѓусебните права и обврски за заедничкото користење на зградата и поделба на трошоците. Апелациониот суд Битола ги плаќа во целост трошоците за набавка на масло за греење, електрична енергија, комунална хигиена и други трошоци за користење и

одржување на зградата, за кои во 2014 година се исплатени 2.617 илјади денари. Претседателот на Апелациониот суд во текот на 2011 година преземал активности и доставени се фактури за направените трошоци, согласно површината која ја користат обвинителства. На почетокот на месец јануари 2012 година фактурите се вратени со писмен допис од страна на Јавниот обвинител на РМ, со образложение дека на обвинителствата не им се одобрени средства за таа намена. Оваа состојба не е во согласност со член 117 од Судскиот деловник, согласно кој трошоците за користење на зградата треба сразмерно да ги сносат корисниците на истата, во зависност од површината која што ја користат.

Наведените состојби имаат за ефект неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните расходи за комунални услуги во Билансот на приходи и расходи и на неисплатените обврски во износ од 122 илјади денари искажани по овој основ во Билансот на состојба и влијае на висината на средствата со кои располага Апелациониот Суд одобрени со буџетот.

**Препорака:**

Претседателот на Судот да продолжи со активностите за склучување на договор со обвинителствата за регулирање на меѓусебните права и обврски за заедничкото користење на зградата и соодветна распределба на трошоците.

4.2.2. Во Апелациониот суд Битола при вршењето на попис на средствата и нивните извори не се применуваат во целост одредбите за вршење на попис пропишани со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со што не е постапено согласно член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради следното:

- Пописот на материјалните средства се врши според локацијата каде се наоѓаат, без назначување на која сметка/конто се сметководствено евидентирани.
- Основните средства не се обележани со инвентарни броеви, поради што пописните листи не содржат податоци за истите. Пописните листи содржат натурални, но не и вредносни показатели за средствата, поради што не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба, што не е во согласност со член 30 и 31-а од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.
- Не се води книга за набавки на ситен инвентар и не е извршен попис на истиот што не е во согласност со член 7 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
- Пописот на обврските не е извршен согласно член 21 и 31-в од Законот и Правилникот, односно во Записникот за извршениот попис

е наведена вкупната сметководствена состојба на неизмирените обврски со 31 декември, но не е извршена проверка и потврдување на реалноста на искажаниот износ и не е утврдена старосната структура на обврските. Со извршените аналитичките постапки, утврдивме дека обврските потекнуваат од тековната година и се однесуваат на тековни трошоци за работењето на судот.

- По завршување на активностите, изготвени се Записници за извршен попис на основните средства, паричните средства, побарувањата и обврските, но не е изготвен Извештај за извршениот попис на средствата и изворите, кој треба да биде разгледан и усвоен од одговорното лице на Апелациониот суд, што не е во согласност со член 33, 34 и 35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

Горенаведените состојби имаат влијание при искажувањето на состојбите во билансот на состојба на ден 31 декември.

**Препорака:**

Одговорното лице да преземе мерки и активности за спроведување на пописот на средствата и обврските на начин предвиден со законската регулатива.

4.2.3. Извршивме ревизија на евиденцијата на залихите на материјали и ситен инвентар при што ги констатиравме следните состојби:

- Во Апелациониот суд не е воспоставена навремена и ажурна сметководствена евиденција на приемот и трошењето на залихата на материјали и масло за греење. Имено за набавените материјали се води материјална евиденција, но истата не е воспоставена и во финансиската евиденција. Автоматизираниот буџетски менаџмент систем (АБМС) со кој управува Судскиот буџетски совет не врши преземање на податоците во финансиската евиденција во текот на годината, односно на одговорните лица им се дозволува пристап за автоматско преземање на крајот на годината.
- Не е воспоставена материјална евиденција на залихите на набавениот ситен инвентар и не се изготвува документ/ реверс при неговото издавање, односно не се врши задолжување на лицата кои располагаат со истиот.

Утврдените состојби не се во согласност со член 7 и 8 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници за навременото и целосно сметководствено евидентирање на приемот и издавањето на залихата на материјалите и ситниот инвентар и има влијание на нивното реално и објективно искажување во билансот на состојба.

**Препорака:**

Одговорното лице на Апелациониот суд во соработка со одговорните лица за функционирање на софтверот (АБМС) да преземе мерки за:

- Воспоставување сметководствена евиденција на залихите на материјалите со која ќе се овозможи податоците во деловните книги да бидат навремени, ажурни и хронолошки презентирани.
- Воспоставување на евиденција на ситниот инвентар преку соодветните сметки од сметковниот план, со материјално задолжување и раздолжување на лицата кои ракуваат со истиот.

**4.3. Користење на средствата согласно законските прописи**

**4.3.1.** Со увид во начинот на примената на Законот за јавни набавки и нивното спроведување ревизијата го констатира следното:

- Во 2014 година не е назначено лице за вршење на работите од областа на јавните набавки, предвидено со член 29-а од Законот за јавни набавки и Внатрешната процедура за спроведување на постапката за јавни набавки донесена во 2013 година.
- При изработка на Планот за јавни набавки не е доследно применуван Правилникот за формата, содржината, како и начинот на изготвување на Годишниот план за јавни набавки. Планот за јавни набавки не содржи податоци за проценетата вредност на договорот, очекуваниот почеток на постапката, видот на спроведена постапка, шифра според Општиот поимник за јавни набавки предвидени со овој Правилник. Исто така, дел од спроведените набавки не се предвидени со Планот за јавни набавки. Во текот на ревизијата одговорното лице презема активности за измена и дополнување на Планот за јавни набавки за 2015 година согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на изготвување на Годишниот план за јавни набавки.
- Со извршениот увид во деловодникот на Апелационен суд констатиравме дека не се врши архивирање на склучените договори за јавни набавки, истите се заведуваат под архивскиот број и датум кој го носат одлуките за јавни набавки кој не се совпаѓа со датумот на склучување на договорите, што не е во согласност со член 8 од Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Констатираните состојби упатуваат на недоследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки во делот на планирањето на набавките и Уредбата за канцелариско и архивско работење.

**Препорака:**
Претседателот на Апелационен суд да преземе активности за:

- Доследна примена и почитување на законската регулатива и подзаконските акти во делот на планирањето, спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки.
- Соодветно евидентирање на целокупната документација во деловодникот со цел доследна примена на одредбите пропишани со Уредбата за канцелариско и архивско работење.

**Основа за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди кои се основ за изразување на мислење искажани во точката 4.2. кои се однесуваат на исплати за комунални услуги, начинот на вршење на пописот и сметководствена евиденција на залихите на материјалите и ситниот инвентар, имаат влијание врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Апелационен суд Битола на ден 31 декември 2014 година, како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Апелационен суд Битола, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

**6.1.** Со Законот за судска служба[1]се уредува статусот, правата, должностите, одговорностите на судската служба, системот на плати и надоместоци на плати на судската служба која ја сочинуваат судските службеници, лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи и судската полиција. Во март 2014 година донесен е нов Закон за судска служба[2], кој е во примена од 13.02.2015 година. Од денот на примена на новиот закон престанува да се применува Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија" број 98/2008, 161/2008, 6/2009 и 150/10), а актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, претседателот на судот треба да ги донесе по претходна согласност на Советот на судската служба, најдоцна 90 дена пред започнувањето на примената на новиот закон, односно до ноември 2014 година[3]. Во исто време подзаконските акти определени во новиот закон треба да се донесат во рок од девет месеци од денот на влегување во сила на овој закон[4], односно до декември 2014 година. Од страна на одговорните лица во Апелационен суд превземени се активности за донесување на подзаконските акти и истите се во фаза на нивно одобрување од страна на надлежните органи. Имено, изготвени се Правилник за систематизација на работните места во Апелационен суд Битола Су.бр.0101-11/2015 од 02.01.2015, доставен до Советот на судската служба со допис Су.бр.0101-11/2015 од 12.01.2015, Годишен план за вработување во Апелационен суд Битола за 2016 година Су.бр.01-123/2015 од 27.02.2015 доставен до Судскиот буџетски совет со допис Су.бр.01-123/2015 од 27.02.2015 и План за обуки на судските службеници Су.бр.01-124/2015 од 27.02.2015 година. Наведената состојба влијае на пролонгирање на рокот на донесувањето на интерните акти односно работењето на Апелациониот суд се реализира со подзаконски акти донесени со стариот Закон за судска служба ("Службен весник на РМ" бр. 98/08, 161/08, 6/09, 150/10) кој не е во примена.

---

[1] ("Службен весник на РМ" бр. 98/08, 161/08, 6/09, 150/10).
[2] Закон за судска служба („Службен весник на РМ" бр. 43/14, 156/14, 33/15).
3 член 142 од Законот за судска служба („Службен весник на РМ" бр. 43/14, 156/14, 33/15).
[4] член 141 од Законот за судска служба („Службен весник на РМ" бр. 43/14, 156/14, 33/15).

**6.2.** Со одредбите на член 108 од Законот за судовите[5] е утврдено дека средствата за работа на судовите се обезбедуваат со Судскиот буџет, како посебен дел на Буџетот на Република Македонија, означен како „Судска власт". Постапката за изготвување, утврдување и извршување на судскиот буџет е уредена со одредбите на Законот за судскиот буџет[6]. Согласно одредбите на Законот за судскиот буџет, делот на средствата за „Судска власт" во Буџетот на Република Македонија, потребни за функционирање на единките корисници, треба да се утврдат во износ од најмалку 0,8% од бруто домашниот производ, со одредена динамика започнувајќи од 2012 до 2015 година, согласно која за 2014 година предвидено е ниво на одобрени средства во висина од 0,7% од бруто домашниот производ. Во 2014 година буџетот на „Судска власт" е утврден во износ од околу 0,4% од бруто домашниот производ.

Со вака утврдениот Буџет на Судската власт, Судскиот буџетски совет ја дефинира рамка во која ќе се движат буџетските барања на судовите. Во однос на одобрените буџети на Апелациониот суд во последните четири години ревизијата смета за неопходно да истакне дека одобрените средствата за работа бележат мал пораст, кој се должи пред се на зголемувања во делот на одобрените средства за плати и надоместоци, поради промена на бројот на вработените и зголемување на платите на јавната администрација во Република Македонија.

## 7. Останати прашања

**7.1.** Судската служба ја сочинуваат судски службеници, лица вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи и судска полиција, дефинирано со член 100 од Законот за судовите и член 2 од Законот за судска служба[7]. Лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи немаат статус на судски службеници и за нив важат Законот за вработени во јавниот сектор и општите прописи за работни односи предвидено со членот 3 став 2 од Законот за судска служба. Висината на платите и другите надоместоци на судските службеници и другите вработени во судовите се определуваат со закон и со колективен договор согласно член 109 од Законот за судовите. Системот на плата и надоместоци на судските службеници е утврден со одредбите на Законот за судска служба. Согласно член 78 од новиот Закон за судска служба пропишано е дека платите на вработените кои вршат технички и помошни работи во судовите се во рамките на платите утврдени за

[5] („Службен весник на РМ" бр. 58/06, 62/06, 35/08,150/10 и 39/12).
[6] („Службен весник на РМ" бр. 60/03, 37/06, 103/08 и 145/10).
[7] („Службен весник на РМ"бр.43/14, 156/14 и 33/15).

административно - техничките судски службеници во зависност од степенот на образованието, работното место на кое се распоредени согласно актот за систематизација и работното искуство, без притоа да се уреди начинот на утврдување на платите на оваа категорија вработени лица.
Отсуството на одредби за утврдување на платите на вработените кои вршат технички и помошни работи во судовите предизвикува разноликост во пресметувањето и висината на платите на оваа категорија вработени.

За надминување на утврдената состојба Судскиот буџетски совет во соработка со надлежното министерство потребно е да преземе активности за иницирање на измени и дополнување на законските и подзаконските акти и утврдување на критериуми за пресметка на платата на лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

**Сметка на основен буџет (603)**

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2014 **година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2014** | **2013** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | 3.1. | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 56.023 | 54.960 |
| **Вкупно приходи** | | **56.023** | **54.960** |
| **Расходи** | 3.2. | | |
| **Тековни расходи** | 3.2.1. | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1.1. | 51.279 | 49.358 |
| Стоки и услуги | 3.2.1.2. | 4.557 | 5.453 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.1.3. | 187 | 149 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **56.023** | **54.960** |
| **Вкупно расходи** | | **56.023** | **54.960** |

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**
**Сметка на основен буџет (603)**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2014 | 2013 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 4.977 | 4.862 |
| Залихи | 4.1.2. | 748 | 544 |
| **Вкупно тековни средства** | | **5.725** | **5.406** |
| **Постојани средства** | 4.2. | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 342 | 342 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 71.855 | 73.876 |
| **Вкупно постојани средства** | | **72.197** | **74.218** |
| **Вкупна актива** | | **77.922** | **79.624** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | 4.3. | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 440 | 555 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 254 | 241 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 2 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 4.281 | 4.065 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **4.977** | **4.861** |
| Извори на капитални средства | 4.4. | 72.945 | 74.763 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **72.945** | **74.763** |
| **Вкупна пасива** | | **77.922** | **79.624** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА** | | | |
| **Сметка на основен буџет (603)** | | | |
| | | | |
| **ПРЕГЛЕД** | | | |
| **НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2014 ГОДИНА** | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | **во 000 денари** |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
| | | | |
| **Состојба 01.01.2014 година** | 74.218 | 545 | 74.763 |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | - | 1.415 | 1.415 |
| Набавки | - | 1.415 | 1.415 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални | - | | - |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | 2.021 | 1.212 | 3.233 |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Материјали дадени во употреба | | 1.212 | |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 2.021 | | 2.021 |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2014 година** | 72.197 | 748 | 72.945 |

АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

Су.бр. 03-56 /2015
10.07.2015 година

Б И Т О Л А

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 10.07.2015
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
10-135/10

ДО

ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Ул. Македонија бр.12/3

С К О П Ј Е

ПРЕДМЕТ: Одговор на Нацрт извешајот од извршената ревизија

Приложено Ви го доставуваме Одговорот на Нацрт извешајот од извршената ревизија извршена од Ваша страна во Апелациониот суд Битола во 2015 година.

Прилозите кон Одговорот ќе Ви ги доставиме во хартиена форма по пошта.

Со почит

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ
Даница Ристева

Изработил:
Судски администратор
Илија Николовски

АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА
Су. Бр. 03-56/15
10.07.2015 год.

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

Предмет : Одговор на Нацрт извештај од извршена ревизија

Со извршената ревизија за 2014 год. во Апелационен Суд Битола, Државниот Завод за ревизија изврши контрола на финансиските извештаи за сметките (603 – сметка на основен буџет и 631 – сметка на сопствени приходи), како и контрола на усогласеност со релевантната законска регулатива. Констатираните состојби во форма на Нацрт извештај се разгледани од страна на лицата кои беа непосредно вклучени во процесот на ревизија, и во врска со Вашите забелешки Ве известуваме за следното :

- 4.1.1 Согласно Вашите упатства, спроведена е целосна внатрешна контрола на влезните фактури од страна на Судскиот Администратор, односно извршената контрола се потврдува со негов потпис и на самата фактура и во книгата за влезни фактури. Исто така отпочнат е и процес на детално вредносно и количинско следење на договорите за јавни набавки, со што постигнавме поефикасен систем на следење и управување со средствата. (Прилог : фотокопии од тековни фактури, дел од Приемна книга на фактури, дел од Книгата за влезни фактури во сметководство, дел од Книгата за евиденција на јавни набавки).
- 4.2.2 Отпочната е постапка за прибирање на понуди за набавка на инвентарни броеви со цел да се изврши инвентаризација на основните средства, како основен предуслов за усогласување на сметководствената со фактичката состојба и спроведување на пописот на основни

средства во согласност со Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Во врска со пописот на обврските и побарувањата, сметаме за потребно да напоменеме дека во текот на ревизијата беше направена анализа на неизмирените обрски по старосна структура, за што во прилог Ви доставуваме Преглед на неизмирени обврски за 2014 год. по старосна структура.

- 4.3.1 Назначено е лице одговорно за спроведување на јавните набавки во Апелационен Суд Битола (Прилог : Потврда за положен испит за лице за јавни набавки). Оваа постапка, т.е. обуката на лицето кое Судот го одреди за одговорно за тендерските набавки беше отпочната во текот на ревизијата, и завршена е непосредно по завршувањето на ревизорската контрола. Исто така се почитува членот 8 од Уредбата за канцелариско и архивско работење, така што покрај во АКМИС и во хартиена форма, освен основниот докумнет се разведуваат и другите документи кои го пратат тој документ (одлука, договор, известување, доставувања на податоци и сл.)

По сите останати забелешки наведени во Нацрт извештајот Апелационен Суд Битола ќе постапи до крајот на сметководствената година, во зависност од законскиот рок превиден за поодделни постапки (пописи на крајот на годината).

Со почит,

Изготвил : Јулијана Стојановска
Соња Тромбева
Одобрил : Илија Николовски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА
ДАНИЦА РИСТЕВА

# ОДГОВОР

## на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Претседателот на Апелационен суд Битола на ден 10.07.2015 година достави забелешки/одговор по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на сметката на основен буџет (603), заедно со ревизија на усогласеност кај Апелационен суд Битола до Државниот завод за ревизија, заведени под број 10 - 135/10.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките по Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Забелешката која е поврзана со утврдената состојба во **точката 4.1.1.** од Нацрт извештајот, а која се однесува на воспоставување на целосен систем на внатрешни контроли во процесот на плаќање, преку донесување на пишани процедури на сите нивоа во работењето, **претставува известување** за превземените активности по дадената препорака на овластениот државен ревизор, во делот на контрола на влезните фактури и вредносно и количинско следење на договорите за јавни набавки. Целосно потврдување на воспоставените контроли на влезните фактури, како и вредносно и количинско следење на договорите за јавни набавки, ќе биде извршено со наредната ревизија
2. Забелешката која е поврзана со утврдената состојба во **точката 4.2.2.** од Нацрт извештајот, а која се однесува на преземање на мерки и активности за спроведување на пописот на средствата и обврските на начин предвиден со законската регулатива, **претставува известување** за отпочнати активности за набавка на инвентарни броеви и обележување на средствата со истите, како основен предуслов за правилно спроведување на пописот на материјалните средства. Во **точката 4.2.2.** од Нацрт извештајот овластениот државен ревизор известува за старосната структура на неизмирените обврски, односно дека истите потекнуваат од тековната година и се однесуваат за тековни трошоци за работењето на судот.

3. Забелешката која е поврзана со утврдената состојба во **точката 4.3.1.** од Нацрт извештајот, а која се однесува на преземање на мерки и активности за доследна примена и почитување на законската регулатива и подзаконските акти во делот на планирањето, спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки и соодветно евидентирање на целокупната документација во деловодникот на Судот со цел доследна примена на одредбите пропишани со Уредбата за канцелариско и архивско работење, **претставува известување** за превземени активности, односно дека назначено е лице за спроведување на јавни набавки, како и известување за

преземени активности за евидентирање на основните и другите пропратни документи во деловодникот на Судот. Целосно потврдување на преземените активности за евидентирање на основните и другите пропратни документи во деловодникот на Судот, ќе биде ќе биде извршено со наредната ревизија.